

Кратка биографија:

**Нинус Несторовиќ** е роден на 10.09.1965 во Снедеревска Паланка. По професија е новинар и сатиричар.

Досега има издадено четири книги афоризми и тоа: "Изгужвани мисли", "Сизифе Србине", "Нераскинлива врска", "Војна тајна".

Приредувач е на Антологијата на новосадски афоризам.

Ги има добиено следните награди: ВИБ-ова награда, Златна Кацига- Крушевац, Награди на меѓународниот фестивал за афоризам Чивајада-Шабац.

“Бели Павле“ за најдобар афористичар - Даниловград.

Награда на здружението на новинари на Војводина “Димитрие Фрушиќ“.

Златна плакета ИФАК-Струмица 2013.

“Вук Глигоријевиќ“ на Сатира фест.

Член на друштвото на писатели на Војводина, каде е и преседател на секцијата на

хумористи и сатиричари.

Работи во Парачин а живее во Нови Сад.

**Интервју со Нинус Несторовиќ**

1.**DelcevoGlobalOnline:** Ваш омилен афоризам, кој би го споделиле со нашите читатели?

Кога тргнав да купам нови гаќи, старите почнаа да ми се вовлекуваат во задникот.

2.**DelcevoGlobalOnline:** Како е да се живее со сатира и може ли од тоа да се живее?

Сатирата за мене е начин на живот, а не стил на пишување, книжевен род...Живеам за сатирата. но не живеам од неа! Работам како црински инспектор во Параќин и така заработувам за да го протуркам месецот. Инаку живеам во Нови Сад.

3.**DelcevoGlobalOnline:**Има ли лоши денови за еден сатиричар?

Најлошите денови се најдобри за пишување сатира! За среќа или несреќа, во животот на еден сатиричар, има многу такви денови.

4.**DelcevoGlobalOnline:** А има ли денови кога не знаете што да работите?

Нема. Имам семејство, сопругата Валентина, три прекрасни деца Катарина, Сара,Михајла и Теа, пишувам сатира... мојот живот е целосно исполнет!

5.**DelcevoGlobalOnline:** Без што не би тргнале на нудистичка плажа?

Премногу голи има околу нас, затоа и не гледам потреба зашто би одел на нудистичка плажа... За жал, иако во нашите медиуми голотијата веќе долго време е во мода, единстево само голата вистина никој не ја видел.

6.**DelcevoGlobalOnline:** Има ли шанси еден ден седниците на парламентот да се одржуваат на нудистичка плажа?

Зашто да не? Нашите политичари ионака веќе од ништо не се срамат.

7.**DelcevoGlobalOnline:** Би ви сметала ли ставка во буџетот за финасирање на Јавни куќи?

Зашто ни се јавни куќи??? На Балканот веќе одамна никој никого не е...а!!!

8.**DelcevoGlobalOnline:** На пусто острово со Мадона или лап топ?

Што би правел со лап топ на пуст остров?! Нема струја, нема интернет... Сакал-несакал ќе ја поведам Мадона!!!



[illegible]